СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба	Вторник 6 Јули 2021 година Број 09/2021 год.	Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на ЈП „Плаваја„ Радовиш за периодот од 01.01.2021 до 31.03.2021 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на ЈП „Плаваја„ Радовиш за периодот од 01.01.2021 год. до 31.03.2021 година, бр. 08-989/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на 59-та седница одржана на ден 02.07.2021 год.

Бр. 09-989/2
06 Јули 2021 г.
Радовиш

Градоначалник
на општина Радовиш
Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 36 ст.1 т. 2 и чл. 50 ст.1 од Законот за локална самоуправа, чл. 21 ст. 1 т. 4 и чл. 43 ст.1 т.4 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 02.07.2021 год., донесе

О Д Л У К А
За усвојување на Годишниот извештај за работата на ЈП „Плаваја„ Радовиш за периодот од 01.01.2021 до 31.03.2021 година

Член 1

Се усвојува Годишниот извештај за работата на ЈП „Плаваја„ Радовиш за периодот од 01.01.2021 до 31.03.2021 година , број 0102-259/3 од 04.05.2021 година, наш број 08-106/13 од 11.05.2021 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-989/1
02 Јули 2021 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлука
за давање Согласност на измена и дополнување на Годишен план за вработување во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за 2021 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање согласност на измена и дополнување на Годишниот план за вработување во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за 2021 година,бр. 08-990/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на 59-та седница одржана на ден 02.07.2021 год.

Бр. 09-990/2
06 Јули 2021 г.
Радовиш

Градоначалник
на општина Радовиш
Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 02.07.2021 година, донесе

О Д Л У К А
за давање Согласност на измена и дополнување на Годишен план за вработување СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за 2021 година

Член 1

Се дава Согласност на измена и дополнување на Годишниот план за вработување во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за 2021 година, број 01-436/1 од 07.06.2021 година, наш број 25-101/23 од 07.05.2021 година

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-990/1 Совет на општина Радовиш
02 Јули 2021 г. Претседател
Радовиш Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за 2022 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за 2022 година, бр. 08-991/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на 59-та седница одржана на ден 02.07.2021 год.

Бр. 09-991/2 Градоначалник
06 Јули 2021 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 02.07.2021 година, донесе

О Д Л У К А
за давање Согласност на Годишен план за вработување СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за 2022 година број 09-101/25 од 17.06.2021 година

Член 1

Се дава Согласност на Годишниот план за вработување во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за 2022 година, број 01-488/1 од 17.06.2021 година, наш број 09-101/25 од 17.06.2021 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-991/1 Совет на општина Радовиш
02 Јули 2021 г. Претседател
Радовиш Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за измена и дополнување на одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот Плански Регион број 07-1444/1 од 22.07.2008 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за измена и дополнување на одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот Плански Регион број 07-1444/1 од 22.07.2008 година, бр. 08-992/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на 59-та седница одржана на ден 02.07.2021 год.

Бр. 09-992/2 Градоначалник
06 Јули 2021 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 26 став 5 и член 86 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/2021), Советот на општина Радовиш на седницата одржана на ден 02.07.2021 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
За изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион број 07-1444/1 од 22.07.2008 година

Член 1

Во член 3, зборовите „ул.„Сандо Масев“ бр.1“ се заменуваат со зборовите „Бул. Маршал Тито бр.1-1“.

Член 2

Во член 4 став 1 зборовите „ги врши следниве работи“ се заменуваат со зборовите „спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на Југоисточен плански регион и тоа“.

Во член 4 став 1 алинеа 3 на крајот на реченицата се додаваат зборовите „и предлог - проекти за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност“.

Во член 4 став 1 алинеа 4 зборовите „најдоцна до 15-ти декември во тековната година до Бирото за регионален развој“ се заменуваат со зборовите „во законски определениот рок“.

Во член 4 став 1 на почетокот на алинеа 13 се додаваат зборовите „ изготвува, поднесува апликации и“.

Во член 4 став 1 алинеа 15 по зборот „работење“ се додаваат зборовите „чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот“, а зборот „доставува“ се заменува со зборот „поднесува“.

Во член 4 став 1 алинеа 16 зборот „административни“ се заменува со зборовите „административно - технички“.

Во член 4 став 1 по алинеата 16 се додаваат три нови алиеи и тоа:

- Реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;
- Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и
- Врши други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.

Член 3

Во член 5 став 1 зборот „раководител“ се заменува со зборот „директор“, а зборот „конкурс“ се заменува со зборот „оглас“ по кој се додаваат зборовите „во согласност со Законот за рамномерен регионален развој“.

Во член 5 став 2 по зборот „мнозинство“ се додаваат зборовите „гласови од вкупниот број на членови со право на глас“.

Член 4

Членот 6 се менува и гласи:

„Член 6”

За директор на Центарот, може да биде избрано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Мандатот на директорот му престанува во случаите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Во случај кога не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, Советот за развој на Југоисточниот плански регион именува вршител на должноста директор на Центарот се до изборот на нов директор, без јавен оглас, од редот на вработените во Центарот, а најдолго шест месеци.

Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Центарот.“

Член 5

Членот 7 се менува и гласи:

„Член 7”

Директорот на Центарот:

- го претставува и застапува Центарот,
- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот,
- го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот и завршните годишни сметки на проектите на Центарот,
- донесува Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Југоисточниот плански регион,
- раководи со стручната служба на Центарот,
- ги предлага на Советот за развој на Југоисточниот плански регион: програми, проекти, извештаи и останатите документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на следење на спроведувањето на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион,
- раководи и ги координира активностите поврзани со спроведувањето на Програмата на Министерството од Законот за рамномерен регионален развој, кои се во надлежност на Центарот,
- раководи со изработката на Предлог-проектите за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на спроведување на одобрените проекти за развој на планскиот регион,
- иницира и воспоставува соработка со други надлежни државни органи и со донаторски органиции кои поддржуваат проекти за развој на Југоисточниот плански регион и на општините што влегуваат во неговиот состав,
- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот и
- врши други работи утврдени со закон и други работи поврзани со активностите на Центарот.“

Член 6

Во член 8 став 1 зборот „администрација“ се заменува со зборовите „стручна служба“, а зборовите „сектори или“ се бришат.

Во член 8 став 2 зборот „администрација“ се заменува со зборовите „стручна служба“ и зборот „раководител“ се заменува со зборот „директор“.

Во член 8 став 3 по зборовите „правата и обврските“ се додава зборот „одговорностите“, зборот „администрација“ се заменува со зборовите

„стручна служба“ и зборот „државни“ се заменува со зборот „административни“.

Во член 8 по став 3 се додаваат уште 2 нови ставови:

Платата на директорот на Центарот ја утврдува Министерот за локална самоуправа по претходна согласност од Владата, а во зависност од бројот на вработени службеници во Центарот и од обемот и сложеноста на работата и времето потребно за извршување на истата.

Бројот на вработени службеници во Центарот и нивните плати ги определува Советот за развој на Југоисточниот плански регион.

Член 7

Во член 9 став 1 зборот „раководител“ се заменува со зборот „директор“.

Во член 9 став 5 се менува и гласи:

„По истекот на три месеци Советот за развој на Југоисточниот плански регион мора да го усвои Финанскиот план на Центарот.“

Член 8

Во член 11 став 3 се менува и гласи:

„Трансферот на средствата ќе се врши два пати годишно, но најдоцна до 15 декември во тековната година.“

Член 9

Членот 12 се менува и гласи:

Општините кои влегуваат во состав на Југоисточниот плански регион, кои се крајни корисници на проекти за развој на планските региони, исплаќаат средства во висина до 15% од проектната (пресметковна) вредност на одобрен проект на Центарот, за реализација и имплементација на проектот.

Основни критериуми за висината на средствата за проектите исплатени на општините кон Центрарот од ставот 1 на овој член се:

- видот и сложеноста на проектот и
- висината на проектната вредност на проектот.

Поблиски критериуми за висината на средствата за исплата за Центарот од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за локална самоуправа.

Средствата од ставот 1 на овој член општините, ги префрлаат на сметка на Центарот, пред започнување на постапката за јавна набавка, најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот за реализација на проектот кој Бирото за регионален развој го склучува со Центарот.

Општините кои нема да ги исплатат средствата од ставот 1 на овој член, го губат правото на користење на средствата, при што Центарот ќе ги наплати договорените средства од доделените средства за реализација на проектот, а преостанатите средства ќе бидат распределени за финансирање на проекти од листата на позитивно оценетите проекти.

Член 10

Во член 13 став 1 зборот „раководител“ се заменува со зборот „директор“.

Член 11

Член 16 се менува и гласи:

„Заради имплементација на член 31 од Законот за рамномерен регионален развој, Министерот за локална самоуправа и директорот на Центарот склучуваат договор за соработка за тековната година, а Градоначаниците на општините од Југоисточниот плански регион и директорот на Центарот склучуваат договор за дополнителни средства за кофинансирање на задачите и активностите за тековната година.

Член 12

Оваа Одлука стапува во сила на наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Радовиш, а ќе се применува по нејзино донесување од страна на сите Совети на општините од Југоисточниот плански регион.

Бр. 08-992/1 Совет на општина Радовиш
02 Јули 2021 г. Претседател
Радовиш Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување на пречистен текст на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот Плански Регион

Го прогласувам и објавувам пречистениот текст на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот Плански Регион, бр. 08-993/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на 59-та седница одржана на ден 02.07.2021 год.

Бр. 09-993/2 Градоначалник
06 Јули 2021 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 26 став 5 и член 86 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/2021), а согласно Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион (број 07-1444/1 од 22.07.2008 година), Советот на општина Радовиш

на седницата одржана на 02.07.2021 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион (Пречистен текст)

Општи одредби

Член 1

Заради вршење на стручни работи од значење на Југоисточниот плански регион, се основа Центар за развој на Југоисточниот плански регион.

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион го основаат 10-те општини кои влегуваат во составот на планскиот регион.

Член 2

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион има својство на правно лице и се регистрира пред надлежните државни институции, врз основа на Законот за рамномерен регионален развој.

Член 3

Седиште на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е во Струмица на Булевар "Маршал Тито" бр.1-1.

Делокруг на работа на Центарот

Член 4

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на Југоисточниот плански регион и тоа:

- Ја изготвува предлог – програмата за развој на планскиот регион;
- Изготвува предлог – акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Подготвува предлог – проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби и предлог - проекти за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност
- Ги доставува предлог проектите за регионален развој, врз основа на утврдената листа на предлог – проекти од страна на Советот за развој на Југоисточниот плански регион, во законски определениот рок;
- Ги координира активностите поврзани со имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Склучува Договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;
- Ги реализира проектите за развој на планскиот регион;
- Подготвува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготвувањето на нивните програми за развој;
- Обезбедува стручни услуги за здруженијата и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- Ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;
- Изготвува, поднесува апликации и спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори;
- Врши промоција на развојните можности на планскиот регион;
- Подготвува годишен извештај за своето работење чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот и истиот го поднесува до Советот за развој на Југоисточниот плански регион и Советите на единиците на локалната самоуправа, во состав на планскиот регион;
- Врши стручни и административно - технички работи за потребите на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;
- Реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;
- Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и
- Врши други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.

Организациска поставеност

Член 5

Центарот за развој на Источниот плански регион (во понатамошниот текст: Центарот) има директор, кој се избира по пат на јавен оглас во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот на Центарот го избира Советот за развој на Југоисточниот плански регион, со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на членови со право на глас.

Мандатот на директорот на Центарот е 4 (четири) години, со право на повторен избор.

Член 6

За директор на Центарот, може да биде избрано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Мандатот на директорот му престанува во случаите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Во случај кога не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, Советот за развој на планскиот регион именува вршител на должноста директор на Центарот се до изборот на нов директор, без јавен оглас, од редот на вработените во Центарот, а најдолго шест месеци.

Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Центарот.

Член 7

Директорот на Центарот:

- го претставува и застапува Центарот,
- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот,
- го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот и завршните годишни сметки на проектите на Центарот,
- донесува Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Југоисточниот плански регион,
- раководи со стручната служба на Центарот,
- ги предлага на Советот за развој на планскиот регион: програми, проекти, извештаи и останатите документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на следење на спроведувањето на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион,
- раководи и ги координира активностите поврзани со спроведувањето на Програмата на Министерството за локална самоуправа од Законот за рамномерен регионален развој, од надлежност на Центарот,
- раководи со изработката на Предлог-проектите за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на спроведување на одобрените проекти за развој на планскиот регион,
- иницира и воспоставува соработка со други надлежни државни органи и со донаторски органиции кои поддржуваат проекти за развој на Југоисточниот плански регион и на општините што влегуваат во неговиот состав,
- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот и
- врши други работи утврдени со закон и други работи поврзани со активностите на Центарот.

Член 8

Центарот има стручна служба, која се организира во одделенија.

Одлуката за организација на стручната служба на Центарот ја донесува Советот за развој на Југоисточниот плански регион на предлог на директорот на Центарот.

Правата, обврските и одговорностите на вработените во стручната служба на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работни односи и истите немаат статус на административни службеници.

Платата на директорот на Центарот ја утврдува Министерот за локална самоуправа по претходна согласност од Владата, а во зависност од бројот на вработени службеници во Центарот и од обемот и сложеноста на работата и времето потребно за извршување на истата.

Бројот на вработени службеници во Центарот и нивните плати ги определува Советот за развој на Југоисточниот плански регион.

Финансирање на Центарот

Член 9

Центарот има финансиски годишен план, кој се предлага од страна на директорот на Центарот, а се усвојува од страна на Советот за развој на Југоисточниот плански регион.

Предлог финансискиот годишен план на Центарот за следната календарска година, мора да се достави до Советот за развој на Југоисточниот плански регион, најдоцна до 1 (први) декември, во тековната година, а истиот се усвојува од страна на Советот до крајот на декември во тековната година.

Во случај на недонесување на Одлука за усвојување на финансискиот годишен план на Центарот, се донесува Одлука за времено финансирање на Центарот.

Времето финансирање на Центарот, не може да биде подолго од три месеци.

По истекот на 3 (три) месеци Советот за развој на Југоисточниот плански регион мора да го усвои Финансискиот план на Центарот.

Член 10

Единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Југоисточниот плански регион, се согласни да го финанираат тековното работење на Центарот, со што секоја година ќе планираат ставка во своите буџети за финансирање на Центарот.

Член 11

Висината на финансиските средства кои ќе ги издвојува секоја единица на локалната самоуправа, која е во состав на Југоисточниот плански регион, се определува на 10 денари по глава на жител.

Висината на финансиските средства кои единиците на локалните самоуправи ги трансферираат за тековното работење на Центарот, може да се промени со Одлука на Советите на единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Југоисточниот плански регион.

Трансферот на средствата ќе се врши два пати годишно, но најдоцна до 15 декември во тековната година

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион има сметка во системот на Трезорската сметка.

Член 12

Општините кои влегуваат во состав на Југоисточниот плански регион, кои се крајни корисници на проекти за развој на планските региони, исплаќаат средства во висина до 15% од проектната (пресметковна) вредност на одобрен проект на Центарот, за реализација и имплементација на проектот.

Основни критериуми за висината на средствата за проектите исплатени на општините кон Центрарот од ставот 1 на овој член се:

- видот и сложеноста на проектот и
- висината на проектната вредност на проектот.

Поблиски критериуми за висината на средствата за исплата за Центарот од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за локална самоуправа.

Средствата од ставот 1 на овој член општините, ги префрлаат на сметка на Центарот, пред започнување на постапката за јавна набавка, најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот за реализација на проектот кој Бирото за регионален развој го склучува со Центарот.

Општините кои нема да ги исплатат средствата од ставот 1 на овој член, го губат правото на користење на средствата, при што Центарот ќе ги наплати договорените средства од доделените средства за реализација на проектот, а преостанатите средства ќе бидат распределени за финансирање на проекти од листата на позитивно оценетите проекти.

Член 13

На предлог на членовите на Советот или на предлог на директорот на Центарот, може да се покрене иницијатива за промена на висината на финансиските средства за тековното работење на Центарот.

Преодни и завршни одредби

Член 14

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, е основан откако сите Совети на Единиците на Локалната Самоуправа од Југоисточниот плански регион ќе донесат Одлука за основање на Центарот.

Член 15

Најдоцна во рок од три месеци од усвојувањето на оваа Одлука, од страна на сите Совети на единици на локалната самоуправа, треба да се изврши избор на директор на Центарот од страна на Советот.

До изборот на директор на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, се овластува претседателот на Југоисточниот плански регион да ги преземе обврските поврзани со регистрација на Центарот пред надлежните државни институции и останатите обврски утврдени со Законот за рамномерен регионален развој и оваа Одлука.

Член 16

Заради имплементација на член 31 од Законот за рамномерен регионален развој, Министерот за локална самоуправа и директорот на Центарот склучуваат договор за соработка за тековната година, а Градоначаниците на општините од Југоисточниот плански регион и директорот на Центарот склучуваат договор за дополнителни средства за кофинансирање на задачите и активностите за тековната година.

Член 17

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Радовиш, а ќе се применува по нејзино донесување од страна на сите Совети на општините од Југоисточниот плански регион.

Бр. 08-993/1 Совет на општина Радовиш
02 Јули 2021 г. Претседател
Радовиш Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување и објавување на Одлуката за целосно ослободување од плаќање комунална такса надоместок за користење јавен простор пред деловните објекти

за фирмите регистрирани како даночни обврзници во даночниот регистар во општина Радовиш за 2021 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за целосно ослободување од плаќање комунална такса надоместок за користење јавен простор пред деловните објекти за фирмите регистрирани како даночни обврзници во даночниот регистар во општина Радовиш за 2021 година, бр. 08-994/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на 59-та седница одржана на ден 02.07.2021 год.

Бр. 09-994/2 Градоначалник
06 Јули 2021 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 11 и 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа и член 21 став 1 точка 4 и 5 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 02.07.2021 година, донесе

О Д Л У К А
за целосно ослободување од плаќање комунална такса надоместок за користење јавен простор пред деловните објекти за фирмите регистрирани како даночни обврзници во даночниот регистар во општина Радовиш за 2021 година

Член 1

Целосно се ослободуваат од плаќање комунална такса за целосно ослободување од плаќање комунална такса надоместок за користење јавен простор пред деловните објекти за фирмите регистрирани како даночни обврзници во даночниот регистар во општина Радовиш за 2021 година Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

О б р а з л о ж е н и е

Оваа Одлука се донесува со важење само за 2021 година како олеснување/ помош на даночните обврзници соочени со последиците кои настануваат од пандемијата со вирусот КОВИД 19 во општина Радовиш.

Бр. 08-994/1 Совет на општина Радовиш
02 Јули 2021 г. Претседател
Радовиш Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Стратегијата за мултиетничка интеграција во образованието и младинска вклученост во општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Стратегијата за мултиетничка интеграција во образованието и младинска вклученост во општина Радовиш, бр. 08-995/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на 59-та седница одржана на ден 02.07.2021 год.

Бр. 09-995/3 Градоначалник
06 Јули 2021 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 02.07.2021 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Стратегијата за мултиетничка интеграција во образованието и младинска вклученост во општина Радовиш

Член 1

Се усвојува Стратегијата за мултиетничка интеграција во образованието и младинска вклученост во општина Радовиш.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-995/1 Совет на општина Радовиш
02 Јули 2021 г. Претседател
Радовиш Викица Манолева с.р.

СТРАТЕГИЈА
ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И МЛАДИНСКА ВКЛУЧЕНОСТ НА ОПШТИНА РАДОВИШ

Листа на кратенки

1. БРО - Биро за развој на образованието
2. ГО – Граѓанска организација
3. ДПИ - Државен просветен инспекторат
4. ЕУ - Европска Унија
5. ИКРУ – Индикатори за квалитетот на работата на училиштето
6. МИО – Меѓуетничка интеграција во образованието
7. МОН – Министерство за образование и наука
8. МИО и МВ - Меѓуетничка интеграција во образованието и Младинска вклученост
9. ОПМП – Општински план за мерење на постигањата
10. ОСМИО и МВ – Општинска Стратегија за Меѓуетничка интеграција во образованието и Младинска вклученост
11. РСМ – Република Северна Македонија
12. СР – Совет на родители
13. ТУИ – Тим за училишна интеграција
14. УО – Училиштен одбор
15. ЦСОО – Центар за стручно образование и обука

Општина Радовиш е пример за силна заедница со мултикултурен и мултиетнички карактер. За нашата заедница да функционира уште подобро и да изгради посилна општествена кохезија, потребно е низ воспитно образовниот систем позитивно да одговориме на предизвикот за подобрувањето на мултикултурните компетенции на граѓаните во нашата општина. Поттикнувајќи и подучувајќи ги децата од најмала возраст како да ги почитуваат сите култури, води до изградба на доверба, која резултира со контакти и соработка меѓу нив. Училиштата со различни наставни и воннаставни активности се одговорни да овозможат да има што поголем контакт и соработка помеѓу учениците од различни наставни јазици. Активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и младинска вклученост ќе овозможи подобро сфаќање и разбирање на културните разлики и нивната важност и практична примена на стекнатите вредности во граѓанско оштество.

Оттука определбата на општина Радовиш низ воспитно образовниот систем да го поддржи и помогне процесот за меѓуетничка кохезија, се повеќе од неопходни и суштински за иднината на младите со тоа што во соработка со училиштата е посветена да креира своја образовна политика за промовирање на меѓуетничка интеграција во образованието и младинска вклученост според карактеристиките на општината. Во рамките на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието ќе се промовира интеракцијата и социјализацијата меѓу учениците од различните заедници/наставни јазици и во еднојазичните и во повеќејазичните училишта

Меѓуетничката интеграција во образованието и младинската вклученост ќе ја подобри меѓуетничката кохезија меѓу младите во нашата општина, каде што тие ќе бидат главен потенцијал за развој на нашата држава. Колку порано ги тргнеме бариерите на нивните патишта, толку почист пат ќе чекорат и ќе може да се фокусираат на вистинските вредности. Тие вредности не се кој си, туку што носиме во себе. Соживотот се поттикнува и учи од мали нозе и на тој начин се создаваат генерации без предрасуди, млади луѓе кои ги знаат своите права, но и обврски. Општество во кое секој ќе ги ужива своите права, но и ќе биде одговорен. Тоа најмногу може да го насочуваме преку квалитетен интегративен образовен процес градејќи општество еднакво за сите, кое подразбира и образование за сите, граѓанска одговорност и почитување на правата и одговорностите.

Реформите во образованието не опфаќаат само подобрување на академските знаења туку и учење коешто помага учениците да се подготват да живеат во мултикултурно општество и тоа е нагласено како во многу меѓународни документи (УНЕСКО, УНИЦЕФ, Совет на ЕУ), така и во официјалните документи на Владата на Република Северна Македонија и образовните институции: Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (МОН и БРО, 2007); Индикатори за квалитетот на работата на училиштата (МОН и ДПИ, 2015); Основни професионални компетенции и стандарди за наставници, Основни професионални компетенции и стандарди за стручни соработници и Професионални компетенции за директори на основни и средни училишта.

Кога учениците учествуваат во заеднички активности, тие имаат можност за непосредна комуникација и меѓусебен контакт, меѓусебно запознавање и формирање интерперсонални релации, учење едни за други едни од други и за намалување на негативните стереотипи и предрасуди за другите. Во активностите за граѓанска вклученост на младите, тие ќе бидат насочувани и поддржувани да идентификуваат конкретни проблеми во училиштето и заедницата. Потоа, врз основа на нивните заеднички одлуки, младите ќе преземаат иницијативи за акции во согласност со нивните потреби и визии за промени, и на тој начин тие ќе можат активно да придонесат кон решавање на постоечките проблеми и недостатоци на ниво на училиште и заедница.

Учениците во општина Радовиш кои што учат на различни наставни јазици учествуваат во заеднички наставни активности преку заеднички часови, и/или во истражувачки проекти, заеднички воннаставни и слободни ученички активности, како што се: екскурзии, секции, театарски претстави, креативни работилници, спортски игри итн.

Процесот на подготовка на Стратегијата е воден од Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО).
Стратегијата е усвоена од страна на Советот на општина Радовиш на седница одржана на 02. 07. 2021 год.

2. ОПШТА ЦЕЛ НА СТРАТЕГИЈАТА

Општа цел на Стратегијата е да ја подобри меѓуетничката кохезија меѓу младите во нашата општина, преку разбивање на предрасудите , промовирање соживот, спроведување активности во образовниот процес кој е темел на градење на позитивни вредности, создавање простор за интеракција и соработка во образованието и потоа на сите полиња.
Општината ќе се стреми за целосна соработка за МИО и МВ, преку:

- изработка на општински акционен план за активности за МИО и МВ, заснован на елементите од годишните планирања на училиштата;
- обезбедување финансиски средства, друга материјална и логистичка поддршка за училиштата во делот на активностите за МИО и МВ;
- формирање општинска комисија за планирање, учество во реализацијата и следење на реализацијата на активностите за МИО и МВ;
- активно вклучување на вработените од одделни сектори и одделенија, особено од одделението за образование;
- соработка со тимовите за училишна интеграција од основните и средните општински училишта, претставниците од Училишните одбори, Советите на родители и локалната заедница;
- соработка со невладините организации од сферата на интеркултурното образование, меѓуетничката соработка и разни акции во заедницата;
- соработка со клучните образовни институции (МОН, БРО, ДПИ и ЦСОО);
- соработка и размена на искуства со други општини;
- информирање на јавноста за активностите за МИО преку користење на содржините од вебстраницата на општината, локални и национални електронски медиуми;
- организирање кампањи, дебати и тркалезни маси за подигнување на свесноста на населението за придобивките од меѓуетничко интегрираното образование и младинско учество во општеството;
- водење процес за воспоставување на партнерства меѓу училиштата за реализирање активности за меѓуетничка интеграција;
- поттик и поддршка за креирање мрежа на училиштата во општината и/или во соработка со други општини за реализирање на меѓуучилишна и меѓуопштинска соработка во доменот на меѓуетничка интеграција и младинско учество.

Методологија

- Стратегијата е подготвена со активната вклученост на претставници од општините во обуките за МИО и преку менторска поддршка и дискусии со претставници на општина Радовиш_во период од март 2021 до август 2021_година.

2.1 Принципи на МИО на ниво на општина

- Заемна доверба и партнерство

Општина Радовиш како и досега ќе продолжи да промовира заемна доверба и партнерство со сите правни субјекти, засегнати страни, како и граѓанскиот сектор. Посебен акцент ќе се стави на крајните корисници – учениците како идни граѓани.

- Учество и размена на мислење

Училиштата и другите образовни институции непосредно ќе се поврзуваат со органите на локалната самоуправа, невладините организации и сите други релевантни институции што се поврзани со негување и споделување на културата, традициите и соживотот во општината и јакнење на младинскиот активизам.

- Транспарентност

Општина Радовиш ќе превземе обврска навремено да ја информира јавноста за активностите за МИО преку користење на содржините од веб страницата на општина Радовиш, веб страните и други официјални електронски медиуми на училиштата, локални и национални електронски медиуми.

- Одговорност

Во секојдневното живеење во општината се води грижа за индивидуалните разлики на сите граѓани. Посебен акцент се става на активности во училиштата, каде што учениците уште од најрана возраст ќе учат да ги воочуваат, почитуваат и негуваат граѓанските вредности и одговорности.

- Еднакви можности

Принципот на еднакви можности подразбира почитување на правото на достоинствен живот на секој поединец независно од неговата полова, етничка, верска определба, вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби.

2.2 Целни групи

Оваа стратегија ја вклучува општина Радовиш, училиштата, родителите, како и граѓанските организации, локалните бизниси и секако граѓаните на Општина Радовиш.

2.3 Временска рамка

Временската рамка за спроведување на Стратегијата е 5 години и таа ќе се спроведува од септември 2021 до август 2026 година. Во акциониот план, како составен дел на Стратегијата, подетално се определени

роковите за реализација на планираните активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

ВИЗИЈА
Преку искуствено и колаборативно учење мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција во образованието од концепт на активности да прераснат во вистинска вредност и свесност, преку меѓусебно почитување, недискриминација и еднаков третман на сите без оглед на различностите. Развивање чувства на почит и меѓусебна доверба, препознавање на етничките стереотипи, предрасуди и залагање за нивно надминување и формирање на пријателства кои продолжуваат и надвор од училишниот живот.
МИСИЈА
Општината и училиштето да се грижат на сите ученици да им обезбедат еднакви можности за учење и максимално развивање на нивните капацитети, преку продлабочување на компетенциите кои се потребни за живот во интегрирано мултиетничко општество во духот на меѓусебно разбирање, мир, почитување на другите, прифаќање на разликите и право на еднаквост за сите. Да се развие отворен пристап за запознавање на особеностите на културите на нашето непосредно опкружување, за да се согледа целината на сите аспекти во едно општество.

3. ЗАКОНСКА РАМКА И МОЖНОСТИ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

3.1.Меѓуетничката интеграција во образованието во стратешките документи на Република Северна Македонија
Република Северна Македонија е потписник на значајни меѓународни документи кои што се однесуваат на човековите права, правата на детето, како и граѓанските права. Од меѓународната регулатива, голем број инструменти го гарантираат правото на образование, како и еднаквиот пристап до истото. Тука ќе ги наброиме;

- Член 26 од Универзалната декларација за човекови права:
- Член 27 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права;
- Членовите 28, 29, 30 од Конвенцијата за правата на детето;
- Член 5 од Конвенцијата на УНЕСКО против дискриминацијата во образованието;
- Ставките 34 и 35 од Документот од состанокот во Копенхаген од Конференцијата за човекова димензија на ОБСЕ;
- Членовите 2 и 4 од Декларацијата на ОН за правата на лицата кои припаѓаат на национални или етнички , религиозни и јазични малцинства;
- Членовите 5, 6, 12, 13, 14 и 15 од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства;
- Европската повелба на Советот на Европа за регионални и малцински јазици;
- Европската повелба на Советот на Европа за социјална кохезија.

Мултиетничкиот карактер на земјата е дефиниран во Уставот на Република Северна Македонија, во законите за основно и средно образование, како и во Националната стратегија за развој на образованието, Стратегија за образование 2018-2025 година и Концепцијата за деветгодишно основно воспитно образование. Мултикултурализмот и разбирањето на ‘’другите’’ е еден од четиринаесетте принципи во рамките на Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование. Според овој принцип учениците преку наставните содржини, методи и активности треба да стекнуваат знаења и вештини потребни за разбирање и почитување на ‘’другите’’, како и за промовирање на вредностите меѓу учениците – почитување на разликите меѓу луѓето, нивната култура, јазик и традиција.
3.2. Образованието на заедниците согласно Уставот на Република Северна Македонија
Според Уставот секој има право на образование. Образованието е достапно за сите под еднакви услови. Основното и средното образование се задолжителни и бесплатни. Припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразат, негуваат и да го развиваат својот идентитет и националните карактеристики. Република Северна Македонија ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет. Припадниците на заедниците имаат право на настава на својот јазик во основно и средно образование, на начин утврден со закон. Во училиштата каде што наставата се изведува на јазиците на другите етнички заедници, се изучува и македонскиот јазик[1]. Уставот и законите поврзани со образованието содржат одредби со кои се промовира почитување на различните култури, толеранција и недискриминација.
3.3. Мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија во Законот за основното образование[2]
Законот за основното образование е донесен во 2019 годиа, истиот ги регулира интеркултурноста, меѓуетничката интеграција во образованието и младинска вклученост во повеќе поглавја.
Во поглавјето Начела на основното образование во член 4, алинеја 7- унапредувањето на сличностите и прифаќање на различностите, интеркултурност, мултикултурализам, интеркултурализам и

[1] Член 44 и Член 48 од Уставот на Република Северна Македонија.
[2] Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20)

мултикултурност, претставува едно од начелата на основното образование.

Понатаму во поглавјето Заштита од дискриминација и промоција на еднаквост во член 5 став (1) е регулирано:

„ Во основното воспитание и образование се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование“.

Во поглавјето Цели на основното образование во член 7 став (1) алинеи 5 и 6 се регулирани целите:

- воспитување за почитување на различностите, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права,
- развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Во поглавјето Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во членот 46, во алинеите од еден до пет, се регулирани активности за развој, интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција и мултикултурализмот /интеркултурализмот во основното образование:

(1) „Директорот на училиштето формира тим за училишна интеграција за период од три години, составен од пет до седум члена и тоа претседателот на ученичкиот парламент, ученичкиот правобранител и од редот на стручните соработници и наставници. Директорот или помошникот на директорот е член на тимот за училишна интеграција по функција. При формирање на тимот за училишна интеграција директорот води грижа за застапеноста на наставниците, од сите јазици на кои се реализира наставата во училиштето.

(2) Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.

(3) Тимот за училишна интеграција во соработка со наставниците задолжително изработува план за активности кои ќе бидат планирани и во годишната програма на училиштето во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите.

(4) Основните критериуми според кои треба да се организира активност од став (2) на овој член, се смета активност којашто има за цел интеракција, односно интеграција на етнички/јазично мешани групи учесници, балансирани групи учесници според етничката припадност, полот и возраста, интеракција меѓу учесниците од различните етнички/јазични групи (во текот на активноста учениците од едниот наставен јазик/едната етничка група соработуваат со учениците од другиот наставен јазик/другата етничка група, користење на сите застапени јазици, рамноправен третман на учесниците од сите етнички/јазични групи, постигнување конкретни-заеднички цели (опипливи/видливи продукти) со учество на сите застапени етнички заедници.

(5) Средства за реализација на овие активности се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на општините и од други извори (донации, легати, подароци и друго), а се користат наменски.“

Во рамки на основните професионални компетенции и стандарди за наставниците, стручните соработници и директори, една од шестте компетенции е посветена на областа ‘’Социјална и образовна инклузија “, ставајќи акцент на развојот на мултиетничките надлежности.

Во Законот за средно образование во член 24 – в, се регулира можноста училишета да реализираат активности кои придонесуваат за развој и унапредување на меѓуетниката интеграција во образованието:

(1) Училиштата може да организираат активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата.

(2) Основните критериуми според кои треба да се организира една конкретна активност од ставот (1) на овој член се смета активност која што има за цел интеракција, односно интеграција на етнички/јазично мешани групи учесници, балансирани групи учесници според етничката припадност, полот и возраста, интеракција меѓу учесниците од различните етнички/јазични групи (во текот на активноста учениците од едниот наставен јазик/едната етничка група контактираат со учениците од другиот наставен јазик/другата етничка група, користење на сите застапени јазици, рамноправен третман на учесниците од сите етнички/јазични групи, постигнување конкретни - заеднички цели (опипливи/видливи продукти) со учество на сите застапени етнички заедници.

Во рамки на основните професионални компетенции и стандарди за наставниците, стручните соработници и директори, една од шесте компетенции е посветена на областа ‘’Социјална и образовна инклузија “,

ставајќи акцент на развојот на мултиетничките надлежности.

3.4. Тематските насоки во Стратегијата на Република Северна Македонија за интегрирано образование

Насоките дадени од тематските подрачја допираат прашања од: демократското владеење во училиштата во децентрализирана средина, заедничките наставни и воннаставни активности, јазичните постигнувања, наставните содржини и учебници, како и обука за наставници за водечките концепти и принципи за надминување на поделбата по етнички и јазични линии во училиштата.

Во МОН е формирана и работи Комисија со одговорност за следење на работата на конкретните активности во училиштата за меѓуетничка интеграција. Една од целите на истата е да се оствари успешна соработка со локалната самоуправа и Комисиите за унапредување и следење на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието на општинско ниво.

3.5. Вклучени страни во процесот на образование

- *Министерство за образование и наука (МОН)*

Министерството за образование и наука има мисија да го развива образованието и воспитно образовниот систем во РСМ, да ја развива науката, научните достигнувања и иновации преку примена на принципите на квалитет, економичност, граѓанска одговорност и поврзаност со пазарот на трудот. Со примена на овие принципи ќе се овозможи и рамноправно учество на Република Северна Македонија во европските образовни економски и политички интегративни процеси.

